***ООУ„Аврам Писевски“***
*Ул.2 бр. 10 с.Бардовци - Скопје*
*Тел/фах 02 309 5949*

# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**ООУ „Аврам Писевски“, Бардовци, општина Карпош - Скопје**

**за период од 2023 до 2027 година**

*Ул.2 бр. 10 с.Бардовци - Скопје*
*Тел/фах 02 309 5949*

**Август 2023 година**

## Преамбула

Согласно член 133 став(1) алинеја 4 од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр.161/19 со сите измени) ,Решение за формирање Стручен тим за изготвување Развојна програма на ООУ,,Братство,,-Скопје зза период од 2021/2025 година со бр.02-483 од 08.06.2021 година и Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на  основното училиште (бр. 18-6579/1 од 06.07.2020 г.),

# Содржина

**1. Податоци за основното училиште**
1.1. Идентификациони податоци за училиштето
1.2. Историјат на основното училиште
1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта

**2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште**
2.1. Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка
2.2. Работен стаж на вработените
2.3. Простор
2.4. Опрема и наставни средства
2.5. Материјално-финансиско работење на училиште

**3. Подрачје на работа на основното училиште, наставен план и наставна програма**

**4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години**
4.1. Самоевалуација на основното училиште (интерна)
4.2. Интегрална евалуација на основното училиште (екстерна)

**5. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)**

**6. Мисија и визија на основното училиште**

**7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период**

**8. Соработка на основното училиште со родителите/старателите**

# Вовед

Развојната програма се заснова врз Закон за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта, Законот за работни односи, Законот за јавни набавки, Законот за организација и работа на органите на државната управи и други закони, подзаконски и интерни акти, годишни програми за работа на училиштето и годишните извештаи за работата на училиштето од претходните четири години.

Целта на Развојната програма е да се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции и - Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, бр. 18-6579/1 од 6.07.2020 година, донесена од страна на Министерот за образование и наука.

.

# 1.Податоци за основното училиште

## 1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Аврам Писевски“ |
| Адреса | ул.2 бр.10, ОпштинаКарпош, Скопје |
| Телефон | 02/3095949 |
| Место, општина | Бардовци, Карпош |
| Веб-страница | https://oouavrampisevski.edu.mk/ |
| Е-маил | *direktor@oouavrampisevski.edu.mk* |
| Ден на училиштето | 9ти Јуни |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 2250 м2 |
| Училиштен двор(m2) | 7250 м2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, м | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 300 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 257 |
| Број на паралелки | 15 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со п образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | / |

## 1.2.Историјат на основното училиште

Основнотоучилиште „Аврам Писевски“ е централно самостојно основно училиште, лоцирано во село Бардовци, општина Карпош, Скопје. Училишниот објект е изграден со средствата од самопридонесот на граѓаните на Република Македонијаво 1979 година, а верифицирано е од Општинскиот комитет за образование, култура и физичка култура со решение број 11-587/1986 година. Називот на училиштето е променет во Општинско основно училиште со решение од Централен регистар на РМ од 06.11.2012 година со деловоден број 30120120032449.

Развојниот пат на ООУ „АврамПисевски“ с.Бардовци, Скопје се одвива во две етапи, првата етапа е периодот од основањето и почетокот со воспитно-образовна работа

од 1980 година во состав на ОУ „ДимоХаџиДимов„, а вториот период почнува од 1985 година кога училиштето се регистрира како самостојно училиште.

Денес Општинското Основно училиште „АврамПисевски“ е со статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на ученици од I – IX одделение, со опфат на ученици од реонот на населбата Злокуќани, селоБардовци и дел од населбата Момин Поток.

Во изминатите години на работа на училиштето покрај повремени помали реновирања на училишниот објект, беа направени и поголеми зафати: Општина Карпош ја обнови фасадата, прозорите на фискултурната сала, санитарните јазли, направи изамена на дотраени подови, комплетно бојадисување на ѕидови на целото училиште со еколошка боја; ги обнови и осовремени спортските и детското игралиште во училишниотдвор.

Училишната зграда (од цврста градба) има покриена површина од 2250 м2 ,каде што се сместени 14 училници, 1 библиотека, фискултурнасала (500м2 ) и друг помошен простор за нормално одвивање на наставата. Училишниот двор има површина од 7250 м2, со надворешни спортски терени (500м2 ) и 5000m2 двор на површина, од која 1700m2 се уредени со зеленило и пристапна патека. Вкупната површина на училиштето (зградата и дворот) е 10 000 м2 .Еден дел од училишниот двор (најужната страна) не е уреден, но за да се уреди потребнана е поширока поддршка (техничка и финансиска) од локалната средина.

Во училиштето вработени се 36 лица кои остваруваат воспитно-образовна и друга административно – техничка работа. Наставата во ООУ „Аврам Писевски“ се одвива на македонски јазик. Училиштето организира и продолжен престој за своите ученици.

1.3.Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

Нашето училиште е мултиетничко училиште, училиште во кое учат ученици македонци, роми, албанци. Училиште во кое се води грижа учениците без оглед на националноста да бидат вклучени во сите активности. Се води грижа кај учениците од сите етнички групи да се развива толеранција, развивање на почит и однос кон различностите и се определени активности во насока на меѓусебно запознавање . Училиште во кое наставата се изведува на македонски наставен јазик и може да кажеме дека се препознаваме по негување и имплементирање на мултикултурното и мултиетничкото разбирање,почитување на различностите ,карактеризирање заедништво,толеранција ,помагање и соживотот,како и интегрирањето на интеркултурното образование низ вонннаставните активности во училиштето. Во училиштето на учениците со посебни образовни потреби им се обрнува особено внимание со оглед на фактот дека станува збор на групи од хетероген состав во однсо на психофизичкиот, социјалниот и емоционалниот развиток. Учениците со посебни образовни потреби ја користат и

Сензорната Соба, која е донација од прекрасната соработка со Фондацијата Чекор по Чекор. Во училиштето функционираат и ученици тутори, тоа се ученици од поголемите одделенија, а им помагаат на учениците во продолжен престој во совладувањето на училишниот материјал и пишувањето на домашните задачи. Во непосредната околина на училиштето се наоѓа детската градинка “Распеана Младост”-Клон “Виножито”. Училиштето активно соработува со институциите: МОН, ОУРЦ “Др Златан Сремец”, Чекор по Чекор, МОБ, МНТ,Национални галерии,Меморијален центар на Холокаустот на Евреите од Македонија,МТВ, УКИМ-Институт за педагогија,Педагошки факултет,Филозофски факултет , Кинотека на Македонија,Општина Каропош, Старечки Дом “Мајка Тереза”-Злокуќани, Невладини организации и Здруженија на граѓани. Училиштето ги опфаќа учениците од месните заедници: Бардовци, Злокуќани и дел од Момин Поток. Училиштето постигнува многубројни успеси на општински, регионални и државни натпревари по математика,физика,биологија,хемија ,географија , природни науки,англиски јазик,спорт,исто така освојува награди на ликовни и литературни конкурси, меѓународни изложби , квизови за општо образование. Училиштето е вклучено во повеќе проекти во соработка со МОН,БРО, УСАИД,УНИЦЕФ - Скопје,Невладини организациии, Здруженија на граѓани на општина Карпош. Училиштето од учебната 2023/2024година започна со обуки за основно,напредно и специјалистичко ниво за директор, од Концепцијата за интеркултурно образование. Имлементацијата на нашето училиште е во следните проекти: МИМО во со партнерство на ОУ Лиман Каба, Проект Училиштето како безбедно место – училиште без насилство, Проект АРИСЕ, Проект ВЕЛО УЧИЛИШТЕ во соработка и поддржан од страна на Здружрние на граѓани ЕКО ЛОГИК. Проект Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Проект Зајакнување на капацитетот на младите и наставниците за примена на мерки за сајбер безбедност и развој на ефективните училишни програми за спречување на сајбер насилство, во соработка со граѓанската организација Аналитика тинк-тенк и поддржан од Канадската Амбасада за Р.С. Македонија, Србија и Црна Гора.

## 2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

2.1. Број на вработени

| Кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Макед | | Албан | | Турц | | Срби | | Роми | | Други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработен и | 36 | 6 | 28 | | | | | | 1 | | | / | |
| Број на наставен кадар | 26 | 4 | 20 | | | | | | 1 | | | | |
| Број на воспитувачи | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 3 | | 3 | | | | | | | | | | |
| Администр а-тивни работници | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошно-технички кадар | 4 | 1 | 3 | | | | | | | | | | |
| Директор | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошник директор | / | | | | | | | | | | | | |
| Образов. медијатор | 1 | | | | | | | | | | 1 | | |

2.2. Работен стаж на вработените

| **Работен стаж** | **Број на вработени наставници во одделенска настава** | **Број на вработени наставници во предметна настава** | **Број на вработени стручни соработниц** | **Број на вработени админи-стративни службеници** | **Број на вработен технички персонал** | **Број на вработен раководен кадар** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 2 | 9 | 1 | 0 | 2 | 0 |
| Од 10 до 20 години | 3 | 6 | 2 | 0 | 2 | 1 |
| Од 20 до 30 години | 4 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 |
| Повеќе од 30 години | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 9 | 17 | 3 | 2 | 4 | 1 |

2.3.Простор

| **Простор** | **Вкупен бр** | **Површин** |
|---|---|---|
| Училници | 10 | 770м |
| Кабинети | 2 | 12м |
| Библиотека | 1 | 28.11м |
| Сензорна Соба | 1 | 18.5м |
| Спортска сала | 1 | 560м |
| Канцеларии | 5 | 169.9м |
| Училиштен дв | | 7600м |
| Чајна кујна | 1 | 16м |

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

| **Наставен предмет (одделенска и предметна настава)** | **Постоечка опрема и наставни средства** | **Потребна опрема и наставни средства** |
|---|---|---|
| Компјутери за наставници | 4 | 10 |
| Лаптопи за ученици | 4 | 16 |
| Интерактивни | 5 | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| табли | | |
| Лап топ за наставници | 2 | / |
| Лап топ за администрација | 2 | 2 |
| ЛЦД | 7 | 8 |
| ДВД | 1 | |
| ДВД/ЦД/МП3 | 1 | |
| Телевизори | 1 | 3 |
| ЦД плеери | 2 | |
| Музички систем | 1 | |
| Пијано | 1 | |
| Принтери | 6 | 5 |
| Фотокопири | 3 | 3 |
| Дигитален фотоапар | 2 | |
| Спортска опрема | 8 | 3 |
| Топки за фудбал | 6 | 2 |
| Топки за ракомет | / | 4 |
| Топки за баскет | 3 | 3 |
| хулахоп | 6 | 6 |
| чуњеви | 10 | 10 |
| греди | 2 | / |
| кошеви | 3 | 4 |
| торзо | 2 | / |

Податоци за училишната библиотека

| **реден бро** | **библиотечен фонд** | **количество** |
|---|---|---|
| 1 | учебници | 4234 |
| 2 | лектири | 430 |
| 3 | стручна литература | 1800 |

2.5.Материјално-финансиско работење на училиште

Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи, а истите се планираат во развојниот план на училиштето. Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално/техничките средства на училиштето. Постои финансов план според кој однапред се планираат средства за потребите на училиштето. Опременоста со наставни средства и помагала придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на квалитетот на наставата и реализирање на наставните програми. Училиштето има

воспоставено соработка со Локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. Континуирано се следи состојбата на објектот и се обезбедуваат средства за негово одржување. Инфраструктурата на училиштето ги задоволува потребите, но континуирано се работи на обезбедување на средства за одржување. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето.

Преку донации и донаторски сметки се обезбедуваат средства за обновување – финансискиот план.

## 3. Подрачје на работа на училиштето, наставен план и наставна програма

| Подрачје на работа за кое училиштето е верификувано | Наставна програма | Основано од | Година на верификација | Сегашен бројна одделенија и паралелки |
|---|---|---|---|---|
| Основно деветгодишно образование | Национална про | 11-587/11 Министерство образование и наука | 31.1.1986 | 9 одделенија<br>15паралелка |

### ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБАТА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ДОСЕГАШНИТЕ АКТИВНОСТИ

Задолжително деветгодишно основно образование се воведе во Македонија во 2007година, во согласност со Концепцијата за деветгодишно основно воспитание иобразование.Законот за основно образование гарантира бесплатна достапност на ованиво на образование за сите деца на возраст од 6 до 14 години.Реформите нанаставните планови и програми беа започнати истовремено со продолжувањето навреметраењето на основното образование.Наставните програми опфаќаат развојницели за циклусите во основното образование, општи цели за секое одделение иконкретни цели за секоја тема или програма. Покрај тоа, воведени се и повеќе новипредмети: англиски јазик од I одделение како задолжителен предмет; втор странскијазик од VI одделение како задолжителен предмет; иновации во IX одделение како задолжителен предмет; работа со компјутер и основи во програмирањето какозадолжителен предмет во III и IV одделение; творештво и во IV и V оделение какоизборен предмет; информатика во VI и VII одделение како задолжителен предмет и во VIIIи IX како изборен предмет; етика на религиите, запознавање на религиите, класичнакултура во Европската цивилизација во VI одделение; други изборни предмети: нашата татковина, воспитание за околината, истражување за родниот крај, танци и народниора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничкообразование, проекти од информатиката, изборен спорт, унапредување на здравјето,вештини за живеење и програмирање. Освен тоа беше изготвена програма

заобразование за животни вештини, како и прирачник што е предвидено да се реализира начасот на одделенската заедница од II до IX одделение.

Од учебната 2014/2015 година беше воведена прилагодена верзија на Наставнитепредмети според Меѓународниот центар за испитни програми од Кембриџ, ВеликаБританија за математика и природни науки од I до VI одделение и математика ипредметите од природните науку физика, хемија и биологија од VII до IX одделение.

Учебниците за соодветните програми беа одобрени во согласност со Концепцијата заизработка на учебник и Методологијата за вреднување на учебник.

Со новите измени во образовниот систем во Р. Македонија изготвен е стратешкидокумент Стратегија за образованието 2018/2025 која ги поставува клучните активности кои треба да се преземат во следните години за да се подобрат наставата и учењето.

Од учебната 2019/2020 година беше воведена реализација на тандем настава пофизичко и здравствено образование во прво одделение од одделенски наставник ипредметен наставник по физичко и здравствено образование; и изборни предмети во трето одделение Јазик и културана Ромите, Србите, односно Јазик и култура на Турците за припадниците на ромската, српската и турскатазаедница.

Во учебната 2021/2022 година се воведе Нова концепција во основното образование кое ги опфати учениците од прво и четврто одделение, во 2022/2023 година и учениците од второ и петто одделение, а веќе во 2023/2024 и учениците од трето одделение. Со новата концепција наставата да се ориентира кон продлабочено и смислено учење базирано на критичко мислење и логичко заклучување кое бара осмислување и поврзување наинформациите и решавање проблеми, наместо помнење факти. Задолжителни наставни предмети кои се изучуваат со новата концепција се: македонски јазик, англиски јазик, втор странски јазик (во шесто одделение), математика, природни науки, историја и општество, техничко образование и информатика, музичко образование, ликовно образование и физичко и здравствено образование, а изборните предмети се бираат според Водичот за слободни изборни предмети во четири подрачја и тоа: поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците, изборни предмети за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети, изборни предмети за поддршка на интереси на учениците кои не се дел од наставните предмети и изборни предмети од спортско-рекреативен карактер.

Наставниот план за деветгодишно основно образование го изработува Бирото за развој на образованието пред почетокот на секоја учевбна година.

Училиштето активно организира и реализира: дополнителна и додатна настава, слободни ученички

активности, вонннаставни активности, посети, набљудувања, екскурзии, настава во природа, натпревари, јавна и културна дејност, општествено – корисна работа, како и

активности на Ученичкиот парламент, Ученичкиот правобранител, Подмладокот на Црвен Крст и Детската организација.

**-ФРЕКФЕНЦИЈА НА УПИС НА ПРВАЧИЊА ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ**

| Вид на настава | 2020/2021 | | | 2021/2022 | | | 2022/2023 | | | 2023/2024 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Редовна настава | Мак. | Роми | Ал. | Мак | Роми | Ал. | Мак | Роми | Ал. | Мак | Роми | Ал. |
| | 18 | 9 | / | 16 | 7 | / | 17 | 8 | / | 18 | 4 | / |
| Вкупно | 27 | | | 23 | | | 25 | | | 22 | | |

**БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ЗА ВРЕМЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА УЧИЛИШНИОТ РАЗВОЕН ПЛАН**

| **Паралелки на македонски наставен јазик** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I-III** | | **IV-VI** | | **I-IV** | | **VII- IX** | | **VI- IX** | | **I- IX** | |
| Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски | Машки | Женски |
| 43 | 42 | 43 | 51 | 75 | 72 | 42 | 31 | 53 | 51 | 128 | 123 |
| **85** | | **94** | | **147** | | **73** | | **104** | | **251** | |

**-БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ**

| **Учебнагодина** | **Бројна ученици** | | **Вкупно ученици** |
|---|---|---|---|
| | **Машки** | **Женски** | |
| 2020/2021 | 127 | 117 | 244 |
| 2021/2022 | 125 | 119 | 244 |
| 2022/2023 | 126 | 120 | 246 |
| 2023/2024 | 128 | 123 | 251 |

# 4. Евалуација на работата на основното училиште во претходните четири години

4.1. Самоевалуација на основното училиште

(Се наведуваат и резултатите од последната самоевалуација на работата на основното училиште по подрачја, при што текстот не треба да има повеќе од 300 збора по подрачје).

| **Подрачје** | **Резултати** |
|---|---|
| Наставни планови и програм | Нашето училиште во целост ги реализира наставните планови и програми изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Врз реализација на наставните планови и програми влијаат наставниците, на тој начин што интегрираат наставни содржини по одредени предмети, со примена на активна настава, проектни активности и современи наставни методи, техники и форми на работа. Родителите се запознаваат со наставните планови и програми на првата родителска средба која се одржува во првата седмица во месец септември, но одзивот на родителите е прилично мал. Целите и очекуваните исходи тековно се истакнати од страна на наставниците за секоја тема.Родителите влијаат во реализирањето на програмата преку учество во работилници, хуманитарни акции, посети на нивните работни места. Родителите имаат забелешки за тежината и обемноста на програмите.<br>Училиштето дава можност учениците да вршат избор на изборни наставни предмети, а по претходно запознавање со целите на предметите кои им се даваат на избор. Изборот го прават учениците во согласност со нивните родители преку анкетен лист. Ваквиот избор го вршат сите ученици без разлика на нивниот пол и етничка, верска, социјална припадност.<br>Наставниците имаат целосна поддршка за учество на семинари и обуки организирани од БРО, советувања за иновации и проекти, предавања организирани од Општина Карпош.<br>Има можност за интегративен пристап на содржините во одделенска настава, а во предметна настава само предмети со сродни содржини (македонски јазик – музичко образование и англиски јазик; историја – географија; математика – физика; биологија – хемија – природни науки и сл.) Наставниците по овие предмети соработуваат и интегративно обработуваат теми.<br>Училиштето редовно реализира образование за |

| | |
|---|---|
| | односите меѓу половите и нивните сексуални врски, за репродуктивното здравје, болести и зависности.<br>Најголем дел од овие содржини се реализираат на часот на одделенската заедница со работилници од Прирачникот за животни вештини и соработка со Црвен Крст.<br>Во наставата редовно се реализираат ЕКО и МИМО содржини и работилници во самото училиште, но и со партнерските и општинските училишта.<br>Вон-наставните активности редовно се реализираат и застапени се ученици од машки и женски пол и од различна етничка припадност и возраст. Континуирано се учествува на спортски натпревари (одбојка, ракомет и фудбал), натпревари на хорот и оркестарот, ликовни и литературни конкурси, натпревари по математика, природни науки, биологија, хемија, физика, заштита на животна средина, производствено и општествено – корисна работа. Од вон-наставните активности има големи придобивки како во однос на дружење, комуникација, социјализација, стекнување и продлабочување на знаења и вештини, развој на креативни способности, така и во добивање на награди, пофалници, признанија, благодарници, пехари. Сето ова дава можност учениците со задоволство поголем дел од своето време да го поминуваат во училиштето, а со тоа да се заштитат од негативните надворешни влијанија.<br>***Идни активности: Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за***<br>***развој на училиштето***<br>***• Доопремување на училници со икт опрема, смарт табли и наставни средства за истражувачки активности.***<br>***• Редовно посетување на обуки и семинари и реа*** |
| Постигнувања на учениците | Во нашето училиште“ Аврам Писевски“ во кое учат ученици на македонски наставен јазик од македонска и ромска етничка<br>припадност, според статистичките податоци за последните две учебни години се постигнуваат релативно задоволителни резултати со<br>оглед на социо-економската структура на населението и специфичните културни и воспитни навики.<br>Постои политика за опфат на сите ученици кои припаѓаат на реонот преку различни активности: посети на семејства, писмени<br>покани, кампањи за упис, поддршка и соработка со |

| | |
|---|---|
| | локалната самоуправа. Континуирано се следи осипувањето на учениците, се<br>анализираат причините и во соработка со локалната самоуправа се спроведуваат активности на терен посебно во населбата Злокуќани<br>(од каде се осипуваат учениците поради заминување во странство или незаинтересираност на родителите за редовно посетување на<br>наставата).<br>Во училиштето се реализираат проекти преку кои кај учениците се развиваат креативни особини и ги продлабочуваат нивните<br>знаења во реализација на наставните програми заедно со наставниците.<br>Од часовите за слободни ученички активности постигнувањата се задоволителни и се промовираат успесите на учениците на<br>огласната табла, на веб страната на училиштето, на социјални мрежи и весникот од локалната самоуправа. Со овие активности се<br>развива желбата и интересот за културно-уметничка активност и меѓусебна соработка и дружење со учениците, особено меѓу<br>спортските активности.<br>Во училиштето е обезбедена помош и поддршка на учениците со посебни образовни потреби од страна на специјален едукатор<br>и рехабилитатор и ангажирање на образовни и лични асистенти, но тоа не ги задоволува потребите на учениците со ПОП.<br>***Идни активности: Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој***<br>***на училиштето;***<br>***• Подобрување на мотивацијата на учениците за повисоки постигања и редовно посетување на наставата;***<br>***• Следење на постигањата на учениците при премин од еден циклус во друг (хоризонтална и вертикална проодност) ;***<br>***• Наоѓање на начини за намалување на изостаноците и осипување на учениците.*** |
| Учење и настава | Во училиштето редовно се изработуваат годишни и тематски наставни програми и уредно се пишуваат дневните подготовки за чија<br>изработка се користат сознанијата од средбите со |

| | |
|---|---|
| | советниците, од стручните активи, посета на семинари. Целосната подготовка и реализација на наставните содржини континуирано ја следи директорот на училиштето преку посета на часови заедно со стручните соработници во училиштето. Наставниците добиваат целосна поддршка и помош од посетите на семинари и спроведени на обуки.<br>Наставниците ги поттикнуваат учениците за преземање на еколошки проекти и акции во текот на учебната година,при реализација на еко стандардите кои се предвидени во тематските планирања. Секој ученик индивидуално или групно е вклучен во еколошките активности кои се реализираат во училиштето.<br>За реализација на наставните програми се применуваат разновидни форми и методи во кои се вклучени сите ученици и подеднакво се стимулираат за повисоки постигнувања во наставата. Се работи групно или индивидуално со користење на постоечките нагледни средства и помагала, а по одредени наставни предмети се изведуваат и практични и истражувачки активности.<br><br>Во училиштето постои мотивираност кај учениците за ликовно и литературно творење, а нивните творби редовно се истакнуваат на училишните паноа, додека практичните изработки се изложуваат во училишните холови и кабинетите. Учениците превземаат лична одговорност преку вклученост во најразновидни активности на часовите. Наставниците преку формативното оценување редовно ги следат учениците и ги почитуваат стандардите и критериумите за оценување на постигањата на учениците. Образовните потреби на учениците редовно се идентификуваат и следат преку усното одговарање, контролните задачи и писмените работи.<br>Согласно потребите и способностите на учениците редовно се организира дополнителна и додатна настава, како и слободни ученички активности.<br>Но, постои потреба од доедукација на наставниот кадар за работа со деца со посебни потреби.<br>Напредокот на учениците се евидентира со макро и микро сумативно описно оценување од прво до трето |

| | |
|---|---|
| | одделение и описно и бројчано<br>од четврто до шесто одделение во деветгодишно образование, а бројчано во седмо и осмо и девето одд. во деветгодишното<br>образование. На родителите им се достапни за увид ученичките портфолија. Одделенските наставници и одд. раководители редовно ги<br>информираат родителите за постигнувањата и поведението на нивните деца преку евидентните листи како и преку Е-дневник кој редовно<br>и уредно го водат сите наставници, при што се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците.<br>***Идни активности: Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на***<br>***училиштето***<br>***• Креирање на средина за учење која ќе ги задоволи потребите на учениците (во секоја училница да се овозможи рефлектирање на***<br>***можностите и потенцијалите на учениците);***<br>***• Интензивирање на соработка со родителите особено со родителите од ромска националност;***<br>***• Поттикнување на сопствениот професионален развој на наставниот кадар;***<br>***• Опремување на кабинетите со нагледни средства и технички помагала за поуспешна реализација на наставната програма;***<br>***• Потреба од интегрирање на содржините по сродни предмети;***<br>***• Обучување на наставниците за работа со деца со посебни потреби;***<br>***• Набавување средства ( лаптопи, компјутери, прожектори, интерактивни табли) за спроведување на ИКТ настава;***<br>***• Поттикнување на учениците за посетување на часови за дополнителна настава;*** |
| Поддршка на учениците | Во нашето училиште учениците без разлика на полот или потребите се чувствуваат безбедно, се воспитуваат, образуваат и<br>социјализираат. Доколку се појави некој проблем во образовниот процес од која и да е природа, преку соработка со одделенските<br>наставници, стручната служба и родителите се стремиме проблемот да го решиме или евентуално да го намалиме. Учениците кои го |

| | |
|---|---|
| | завршуваат основното образование при запишување во средно училиште добиваат потребни информации, помош и совет за запишување на истите. Евиденцијата за редовноста, поведението и развојот на учениците уредно се води во е-дневниците и матичните книги, и истата им е достапна на родителите.<br>Во училиштото постојано се води грижа за учениците без разлика на нивната полова и етничка припадност. Хигиената во училиштето значително подобрена. Континуирано се следат и се идентификуваат емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците.<br>Во училиштето се води кампања за здрава исхрана на учениците.<br>Во училиштето се организираат хуманитарни акции за ученици од социјално загрозени семејства. За учениците кои завршуваат основно училиште со цел помагање во нивното натамошно професионално определување, им се дава инструктивно-советодавна помош од страна на класните раководители и стручните соработници и наставници, а исто така се остварува и соработка со средните образовни институции, кои имаат интерес за презентација на своите програми во училиштето. Уписите на учениците и преминувањето на учениците од едно во друго училиште се спроведува по законска процедура.<br>Училиштето применува различни форми и активности за обезбедување грижа, благосостојба и заштита на сите ученици, без оглед на национална припадност вклучувајќи ги и децата со посебни образовни потреби преку непосреден разговор со нив и нивните родители, преку соработка со службата за социјални грижи и други асоцијации како и со вклучување на учениците во слободните ученички активности. Односите помеѓу учениците, наставниците и родителите се градат на взаемно почитување и доверба.<br><br>***Идни активности: Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето;*** |

| | |
|---|---|
| | ***• Да се реализира обука за родителите против насилство кај децата, да може да го препознаваат насилството, видовите насилство ит;*** <br> ***• Да се зголеми соработката со ЦКРСМ и невладини организации.*** |
| Клима во училиштето | Од направената анализа на резултатите од обработените прашалници , од документите кои се обработени како и другите методи што секористени за собирање на податоците , разговорите со сите вработени во училиштето, постои добра комуникација помеѓу,стручната служба и наставниците . Во училиштето се почитуваат Правилата на однесување за сите субјекти.Наставниците активно учествуваат во реализација на активностите на училиштето. Училиштето има еднаков пристап кон сите ученици без разлика нивната родова и етничка припадност.Во училиштето се застапуваат подеднакво интересите на сите ученици без разлика етничката, родовата, социјалната припадност. Постои добра комуникација со МОН, БРО и општина Карпош.Училиштето има одлична комуникација со останатите училишта во нашата земја како и надвор од неа. Комуникација на која се разменуваат мислења и искуства од други училишта, се учат други култури, со цел прифаќање, толеранција кон различностите и почитување на другите култури. Во таа насока училиштето се залага за визијата дека со градење, развивање, меѓусебно почитување и дијалог меѓу различните етнички групи на култури се обезбедува еднаква можност и борба против секаков вид на дискриминација. <br> ***Идни активности: Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето;*** <br> ***• да се изготви план за поголема соработка и вклученост на родителите во наставата и активностите во училиштето;*** <br> ***• развивање на механизми за меѓусебна соработка и почитување помеѓу одредени структури*** |

| | |
|---|---|
| | • ***Ангажирање на фирма/стручни лица за обезбедување на училиштето и учениците за време на наставата;***<br>• ***Организирање на работилници и интегрирање на содржани за сензибилизирање на учениците за родова рамнотежа.*** |
| Ресурси | Во училиштето просториите се користат оптимално за изведување на воспитно – образовниот процес, кој се одвива во една<br>смена, а училиштето превзема конкретни активности за подобрување на состојбата. Училиштето е опремено со стручна литература<br>и наставни средства. Примената на компјутерите и проекторите кои се дел од ИКТ наставата се применуваат по наставни предмети<br>во училиштето според техничките можности.<br>Во училиштето се утврдуваат потребите за наставни помагала и истите се составен дел од наставната програма. Ефективната и<br>ефикасната употреба на наставните средства и материјали, раководната и стручната служба ја следат секојдневно , преку посета<br>на час, најубаво средени паноа и училници. Училишната библиотека располага со лектирни изданија и белетристика кои редовно<br>се дополнувааат според потребите. Потрошниот материјал за хигиена го има во<br>доволна количина, а набавката се врши редовно преку овластениот орган во училиштето.<br>Наставниот кадар е редовен на работа и совесно, исполнително се однесува кон пропишаните работни задачи. Наставниот кадар<br>според стручната подготовка соодветствува на критериумите пропишани со Законот за основно образование. Наставниците<br>поседуваат квалификации и искуства, стекнати низ процесот на нивното стручно оспособување и усовршување.<br>***Идни активности: Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за***<br>***развој на училиштето;***<br>• ***Училиштето да посвети внимание за обезбедување на средства за финансиска подршка на наставниот кадар за учества на***<br>***конгреси, семинари и други професионални*** |

| | |
|---|---|
| | ***манифестации;***<br>***• Училиштето да посвети внимание во организирање на работилници, обуки и проекти за врсничко насилство во кое ќе***<br>***бидат вклучени учениците, како и поголема вклученост на родителите во истите активности;*** |
| Раководење, управување креирање политики | • Во нашето училиште постои раководен тим ( директор) кои во соработка со Училишниот одбор и Советот на родители<br>успешно ја раководат целокупната работа во училиштето.<br>• Јасно дефинирани цели и прифатеноста на истите од страна на сите вработени во училиштето овозможуваат зацртаните<br>задачи да ги извршуваме редовно, навремено и успешно.<br>• Отвореноста во работата и комуникацијата, како и флексибилноста кон настанатите ситуации и проблеми, овозможува<br>добро справување и решавање на сите проблеми. За успешност во раководењето во нашето училиште придонесува и<br>соодветната педагошка и друга документација, уредно подготвувана и почитувана во врска со нејзиното реализирање.Во<br>навремено и успешно завршување на обврските придонесува многу отворената соработка со надворешните и внатрешните<br>субјекти во училиштето. -<br>• Хигиенско техничките услови во училиштето се битен фактор за успешно одвивање на воспитно –<br>образовниот процес зашто во овој период се работи на подобрување на истите .<br>• Постојаната грижа на раководниот тим за здравјето на учениците и вработените преку разни форми на информирање како и<br>одржување на високо ниво на хигиенски услови придонесува за нормално одвивање на наставата.<br>• Тука мора да се напомене дека сепак финансиските средства се битен фактор околу постигнувањето на задоволително и<br>квалитетно ниво на воспитно –образовниот процес, хигиената и останатите чинители на воспитно – образовниот процес<br>воопшто. |

| | |
|---|---|
| | ***Идни активности: Приоритетни под подрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за***<br>***развој на училиштето***<br>***• Зголемена соработка специјализирани установи;***<br>***• Дополнување стручна служба((педагог, социолог)***<br>***• Поголемо учество на родителите во разни активности во училиштето;***<br>***• Збогатување на библиотечниот фонд со стручна литература и дополнителна литература за учениците.*** |

4.2.Интегрална евалуација на основното училиште

(Се наведуваат согледувањата од последната интегрална евалуацијата на работата на основното училиште по подрачја, соне повеќе од 300 збора по подрачје).

| **Подрачје** | **Согледувања** |
|---|---|
| Наставни планови и програм | *Училиштето има воспоставено процедури за информирање на родителите, учениците и училишните тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето го спровеуваат на почетокот на учебната година на состанокот со родителите, преку изготвувае на брошура, а исто така ја посетуваат и веб страната на Бироза развој на образование.*<br>*Во врска со изборните предмети во училиштето има воспоставено процедура за изборни наставни предмети, кои можат да ги изберат учениците. Училиштето има изработено проширена програма за згрижување и испраќање на учениците од прво до трето одделение.*<br>*Натавниците ги прилагодуваат наставните програми и содржини за потребите на локалната средина и учествуваат во заеднички настани. Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности што ги одразуваат потребите на учениите и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој.Учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците, учествуваат на различни манифестации и постигнуваат солидни резултати и имаат освоено први,* |

| | |
|---|---|
| | *втори и трети места на натпревари од разични области што се организираат на општинско, регионално и државно ниво.* |
| Постигнувања на учениците | *Постигањата на учениците се следат на ниво на одделение, на ниво на паралелка и по сите наставни предмети, по пол, и по етничка припадност, на полугодие и на крај од учебната година. Училиштето располага со детални анализи за постигањата на учениците, се констатира дека во последните три учебни години нема значителни отстапувања на успехот.*<br>*Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и има податоци за уписот во средно образование добиени по писмен пат од средните училишта.*<br>*Училиштето има податоци за бројот на децата од реонизацијата (список од МВР). Уписот се врши преку распоредот на прием одреден на поканите на родителите. Континуирано се следи редовноста, се прибираат податоци за отсуства на учениците, како и бројот на оправданите и неоправданите изостаноци. Училиштето ги запознава учениците со правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.* |
| Учење и настава<br>Оценување | *Во училиштето има пропишани процедури за поддршката и следењето на наставата од страна на директорот и стручната служба. Годишните и тематските планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови за наставен час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручната служба.*<br>*Наставниците редовно ги изготвуваат годишните и тематските планирања во согласност со наставните планови и програми изготвени од страна на Бирото за развој на образование донесени од Министерство за образование и наука. За учениците со посебни индивидуални потреби наставниците изготвуваат индивидуален образовен план кој* |

| | |
|---|---|
| | *се изготвува во соработкасо инклузивен тим.*<br>*Во текот на интегралната евалуација наставниците имаа изготвено и користеа оперативен план за наставен час. Најголем број од наставниците користеа разновидни форми и методи соодветни со потребите на учениците и нивните стилови на учење.*<br>*Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање.*<br>*Учениците сметаат дека по повеќето предмети се учи на интересен начин.*<br>*Наставниот кадар и стручната служба системски ги детектираат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и превземаат активности на нивно остварување, односно за нивно отстранување.*<br>*Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Критериумите на оценување на постигањата на учениците се според стандардите за оценување со кои учениците се запознаени по повеќето наставни предмети.*<br>*Родителите добиваат и пишани извештаи за напредокот на своето дете по секој наставен предмет. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електорнкиот дневник, а најголем број на родители имаат пристап до него.* |
| Поддршка на учениците | *Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците, во текот на наставата, во училишната зграда и во училишниот двор. За сите потенцијално опасни места во училиштето, што не можат да се избегнат, учениците се запознаени за нивно присуство, од страна на наставниците се информирани за можните опасноти. При несреќни случаи во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците.*<br>*Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои сметаат за психичко и физичко насилство, програма за разрешување и програма за превенција од насилство.* |

| | |
|---|---|
| | *Училиштето има организирана бесплатна исхрана на учениците од прво до петто оделение. Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средстава за учениците, кои заради социјална загрозеност на нивните семејства, не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставни активности кои бараат вложување на дополнителни средтсва.*<br>*Хигиенатана училиштето е добра. Редовно се чистат сите простории и делови од училиштето. Во училиштето редовно се вршат систематски прегледи.*<br>*Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми, без оглед на изворот.*<br>*Најголем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик, како и неговиот интелектуален, социјален и емоционален развој.* |
| Клима во училиштето | *ООУ „Аврам Писевски", општина Карпош - Скопје, препознатливо е според квалитетот на работата и постигањата на улениците во различни области, како и според остварување на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето и безбедноста на ситеученици, ги негува родвата еднаквост и мултикултуризмот и го потикнува учеството на улениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниците добро се грижат за однесувањето и безбеддноста на учениците за време на одморите, како и создавње на пријатна атмосфера за работа за време на настава и воннаставни активности.*<br>*Училиштето посебно внимание посветува на промовирање на личните постигнувања на учениците, преку доделување награди и пофалници на патрон празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родителите, локалната заедница, бизнис секторот и други училишта.*<br>*Сите вработени во училиштето вклучуваќи ги и родителите во органите на училиштето, се* |

| | |
|---|---|
| | *запознаени со правата на децата. Во училиштето подееднакво се третираат сите ученици без разлика на полот,етничките и интелектуалните разлики.*<br>*Соработката со родителите се остварува во организирана форма на повеќе нивоа и тоа; поединечно, на ниво на паралелка, на ниво на Совет на родители, преку ченови на Училишниот одбор - претставници од родители и отворен ден за родители еднаш во месецот. Информации што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето и нивото на постигањата на училиштето и нивото на постигањата на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители.* |
| Ресурси | *Училишниот простор ги исполнува условите за иведување на наставата. Постојат пријатни , пространи услови за одвивање на работата на наставиот кадар. Опременоста на училиштето со наставни, нагледнисредства и други технички помагала е добра и истата има тенденција на подобрување. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ги користат во наставата и учењето. Учењето и наставата се збогатени и преку планирано користење на ИКТ.*<br>*Училиштето планира и обебзедува потроен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности, во рамки на финанскиски можности.*<br>*Училиштето има обезбедено доволен број наставници, за реализација на воспитно-образовниот процес, вклучуваќи и кадар обучнен за работа со деца со посебни потреби.*<br>*Наставниците успешно работата како тим во рамки на стручни активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето.*<br>*Наставниот кадар е квалификуван и спосбен за реализација на воспитно - образовниот процес. Стручната служба и наставниот кадар, активно се вклучени во реализација на еколошката програма Еко - проектот.*<br>*Вреднувањето на работата на наставниците и индентификување на нивните потреби, се врши преку посета на часови од страна на* |

| | |
|---|---|
| | *стручната служба и директорот.*<br>*Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошење на финансиските средства.*<br>*За финасиското работење училиштето ги информира Локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај за финансиското работење.* |
| Раководење, управување, креирање политики | *Училишниот одбор во ООУ ,,Аврам Писевски" го сочинуваат 9 члена, избрани согласно Закнот за основно образование и Стаутот на училиштето. Училишниот одбор работи согласно законот и Деловодник за работа. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловодникот. УО има обезбедено редовни и детални информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно - образовниот процес.*<br>*Директорот знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и своето работење претежно го заснова на тимска работа.*<br>*Наставниците, родителите и учениците се запознаени со целите како и со начинот на нивно остварување но не се доволно вклучени во нивна реализација односно нивната вклученост е на доброволна основа според нивните афинитети. Училиштето ги зема во предвид мислењата на родителите и учениците.*<br>*Училиштето преку анкети ги индентификува потребите на стручното усовршувњае на вработение.*<br>*Наставните средства и опремата со кои располага училиштето оптимално се користат и се обезбедуваат со финасиските можности.*<br>*Училиштето е активно вклучено во соработка со локалнатазаедница, стопанските субјекти и невладиниот сектор, преку спроведување на заедничките проекти и учество на настани од интерес на заедницата.*<br>*Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница,преку спроведувањње на заеднички проекти.* |

## 5.Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

*Локални фактори кои влијаат на развојот на училиштето*: Училиштето се наоѓа во с. Бардовци и е лоцирано во руралниот дел од општина Карпош. Во негова непосредна близина се наоѓаат: една културна установа (археолошки локалитет), воспитно-образована институција (градинка) и неколку други археолошки остатоци од минатото, Дом за стари лица, верски институции (изградена црква Св. Троица и нова црква во изградба Св. Атанас). Во непосредна близина на селото се наоѓаат приватни болници и индустриска зона. Особено значајно е да се истакне дека селото расте и се дели на стар дел и нов дел. Во новиот дел активно се доселуваат нови граѓани и масовно се гради Од голема помош на селото е мостот кој се гради кај с. Злокуќани, кој ќе го поврзува селото со Скопје Сити Мол и останатиот дел од општината.
Поголемиот број на ученици во училиштето се од с. Бардовци и с. Злокуќани, а многу мал дел на кои родителите работат во околината или нивните баби или дедовци се во населбата. Училиштето остварува взаемна соработка со локалната самоуправа, градинката која е во непосредна близина и останатите основни и средни училишта на територија на општината. Со библиотеката „Другарче", Домот за стари лица "Мајка Тереза" Скопје, археолошкиот локалитет „Скупи", црквата Св. Троица заедно со црковниот одбор и Драмскиот театар училиштето ги посетува, реализира и учествува на бројни манифестации и активности. Превентивните активности околу грижата за здравјето на учениците и редовната вакцинација се реализираат со соработка со одделението за Детска стоматологија при КЦ „Мајка Тереза" и поликлиниката „Ѓорче Петров". Еден дел од проектите се реализираат и во соработка со голем број на нестопански и невладини организации ( Аналитика тинк тенк, Чекор по чекор и др.). Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално и државно ниво, во реализирање на заеднички проекти и други актитивности. Соработката со голем број установи позитивно влијае на подобрување на воспитно образовниот процес кај учениците. Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа, што би придонеле за повисок квалитет во работењето. Соработката особено е интензивна при прославувањето на бројни празници како што се „ Ден на Општина", „Денот на екологијата", манифестации на доделување награди на талентирани ученици и првенци на генерации, победници на спортски натпревари. Секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух.

*Национални фактори кои влијаат на развојот на училиштето:* На национално ниво училиштето соработува со: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МТСП, МИО, Државен завод за статистика, Завод за ментално здравје на деца и младинци, Прва детска амбасада во светот Меѓаши, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР, Музејот на

холокаустот, Народниот правобранител, телевизиски и издавачки куќи, радио и печатени медиуми, Собранието, музеите и културните установи на територија на градот Скопје. Училиштето соработува и со партнерското училиште ОУ „Лиман Каба“ во рамки на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието.
Со новите измени во образовниот систем изготвен е стратешки документ Сеопфатна стратегија за образованието 2018/2025 со која се посочуваат одреден број на предизвици кои ќе влијаат на функционирањето на училиштето во наведниот период: - Развивање и воведување на национален стандард за основно образование со јасно определени излезни резултати и со посебно внимание на инклузивноста, мултикултурализмот, почитувањето на разликите (во смисла на родот, етничката припадност, верата, јазикот, социјалниот статус, интелектуалните и физичките способности), правата на децата и демократска култура - Ревидирање на наставниот план за сите одделенија и наставната програма, во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување - Зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и вonnаставните активности според слободниот избор на учениците. - Ревидирање на учебниците така што ќе одразуваат родова еднаквост, мултикултурализам, почитувањето на разликите и демократските вредности - Приспособување на зградата на училиштето за ученици со физичка попреченост - Подобрување на условите и капацитетите на училиштето за инклузивно образование за децата од маргинализираните групи - Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштето за цели на инклузија - Воведување механизам за финансиска поддршка на училиштето со цел спроведување на активности за меѓуетничка интеграција - Оптимизирање на бројот на ученици при формирање нови паралелки во прво одделение - Изготвување на неопходни дидактички ресурси и нивно распределување на наставниот кадар во нашето училиште. - Воспоставување унифицирана електронска платформа за предавање, учење и методолошки ресурси со обезбедување на соодветен софтвер во училиштето - Воспоставување систем за професионална ориентација преку стручните служби - Иницијална обука на наставниците и стручните служби во согласност со професионалните стандарди - Зајакнување на системот за поддршка, следење и менторство на наставниците приправници и специјалистите од стручните служби кои се приправници - Развивање на нови институционализирани форми за зајакнување на компетенциите на наставниците кои доаѓаат од педагошките факултети, како и за стекнување на компетенции за предавање за оние профили кои завршиле студиски програми кои не биле наставни - Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето (наставник/стручен соработник, ментор, /стручен соработник - советник) - Зајакнување на стручните служби во училиштето со сите неопходни профили - Ревидирање на системот за издавање на лиценци на директорите. Концепцијата за вonnаставни активности во основното образование утврдена од министерот во март 2020г. укажува дека при планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштата треба да се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на занаењата, вештините и вредностите/ ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование, особено кога се работи за оние што не се покриени или не се доволно

покриени со наставните активности. Притоа, посебен акцент се става врз знаењата, вештините и вредностите/ставовите вклучени во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците: Личен и социјален развој, Демократска култура, мултикултура и граѓанство, Уметничко изразување и култура и Претприемништво и финансиска писменост. При тоа да се водат од следните принципи: да придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците; да се инклузивни и недискриминативни; да се привлечни за повеќето ученици; да обезбедуваат активно учество на учениците; да развиваат интеркултурни компетенции кај учениците; да ја поттикнуваат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница. Во јули 2020г.предложен е поставена цел за интензивирање на примената на ИКТ во образованието преку воспоставување на портал за е-учење и систем за управување со учењето, континуирана обука на кадарот за користење на нови технологии и ИКТ алатки во образованието; градење на систем за обновување на копјутерската опрема и обезбедување на услови за ефикасно одржување на компјутерската опрема и компјутерските мрежи. Според тоа еден од приоритетите во Стратегијата е обезбедување широка употреба на ИКТ во образованието и обуката за дигитална писменост. Во јуни 2020г донесена е и Концепцијата за државно тестирање за подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието согласно современите светски образовни стандарди. Основна цел на државното тестирање е со користење стандардизирани процедури и инструменти, да даде објективни и веродостојни податоци за остварувањето на стандардите на постигањата на учениците за наставни подрачја и наставни предмети од особена важност во текот на основното образование. Ваквите податоци ќе обезбедат докази за развој и унапредување на образовните политики во РСМ во насока на достигнување на современите светски образовни стандарди. Државното тестирање првично ќе биде насочено кон две важни фази на основното образование, односно кон целни групи кои се во тие фази: учениците што се пред завршување на третото одделение и учениците што се пред завршување на петтото одделение. Откако државното тестирање за овие целни групи ќе биде добро воспоставено и кога ресурсите тоа ќе го дозволуваат, ќе се додаде и третата целна група со која ќе се заокружи системот на државно тестирање -учениците што се пред завршување на деветтото одделение. Рамките за оценување со кои ќе се мерат постигањата на учениците по мајчин јазики по математика ќе се засноваат на државните наставни програми за соодветните одделенија. Распоредот предвидува за III одд предтестирање во 2021г, а главно тестирање во 2022г; за V одд предтестирање во 2023г, а главно тестирање во 2024г. Со Концепцијата за инклузивно образование донесена од министерот во јули 2020г., се дадени насоките за вклучување, развој и образование на учениците со посебни образовни потреби. Воспитно-образовниот процес потребно е да се заснова на модел на интервенции на повеќе нивоа, кој вклучува повеќе трансформации /интервенции на наставниот план и програми, наставните стратегии, активности и материјали, како и континуирано следење на процесот на спроведување на интервенциите, на најмалку три нивоа на поддршка на учењето: I ниво -општа поддршка, II ниво - интензивирана поддршка, III ниво - посебна поддршка.

Меѓународни фактори кои влијаат на развојот на училиштето Училиштето соработува со меѓународни институции во реализирање на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитнообразовниот процес: УНИЦЕФ, УСАИД, ОБСЕ, Американска, Британска амбасада, Холандска амбасада, British Council, Goethe Institutc.

## СВОТ анализа

| **Предности (силни страни) на основното училиште** | **Слабости (слаби страни) на основното училиште** |
|---|---|
| -Успешно се реализира и спроведува Проектот "Меѓуетничка интеграција во образованието" со активности на ниво на училиште и со партнер училиштето „Лиман Каба; -Постои позитивна клима за нови проекти во образовниот процес, високо едуциран– наставен кадар кој е постојано спремен на до едукација и обуки; - Нашите ученици се вклучени во заеднички проекти,наставни и воннаставни активности(културни и спортски)во соработка со локалната заедница,преку тие соработки се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците; | -Училиштетое недоволно афимирано во пошироката јавност поради неговата рурална локација; -Немање на сметководител за навремено извршување на задачите кои произлегуваат од техничко-оперативниот дел во работата на училиштето; -помлад наставен кадар (дојден по основ на пензионирање на постарите колеги) кој нема големо искуство во образованието; |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| -Зајакнување на мултикултурализмот и мултиконфесионалноста на учениците во училиштето; -Високо едуциран наставен кадар кој придонесува за поуспешен напредок на учениците; -Современ приод во наставата за придонесување на поквалитетно учење; | -Немање доволно училници за изведување на кабинетска настава; -Намалување на бројот на учениците заради непочитување на реонизацијата од страна на други општински училишта; -Незаинтересираност на бизнис заедницата за поддршка и придонес во подобрување на заеднички активности и слаба соработка со правни субјекти за донации за |

| | |
|---|---|
| | училиштето;<br>-Недоволна соработка на родителите со училиштето и наставно-стручниот кадар; |

# 6.Мисија и визија на училиштето

## МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашата мисија е создавање на одговорни ученици кои се поттикнуваат, поддржуваат и почитуваат себеси и другите, постигнуваат извонредни успеси и чекорат по патот на успехот.

## ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Нашата визија е обезбедување на еднакви можности на учениците од сите етнички групи, природно опкружување кое го има ученикот во својот фокус, што ќе ги поттикне учениците да бидатодговорни, креативни, иновативни, да се почитуваат и да се стекнуваат со одредени знаења и вештини. 1. Што сакаме да постигнеме? Во училиштето да има здрава и пријатна средина каде учениците ќе се поддржуваат, поттикнуваат и почитуваат, ќе се здобијат со основни знаења умеења и вештини неопходни за продолжување на образованието и секојдневното функционирањ е, додека наставниците би реализирале современа и квалитетна настава со примена на современи наставни методи и техники како и континуирано професионално усовршување. 2. На кој начин би го постигнале тоа? Со постојани работилници, наставни и вонаставни активности, поттикнување на вештините за секојдневно функционирање преку практични работилници и работилници за споделување. Организирање семинари и континуирано усовршување на наставниот кадар и стручната служба, учество во вебинари и онлајн семинари и работилници, работилници за споделување на наученото по стручни активи

# 7. Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој на основното училиште во четиригодишниот период

(Приоритетните подрачја се одредуваат согласно резултатите од интерните и екстерните евалуации (самоевалуација, интегрална евалуација и СВОТ анализа) и ресурсите што се на располагање на училиштето што се потребни за нивното остварување (финансиски, материјални, човечки). При изборот на приоритетните подрачја за развој на училиштето треба да се води сметка за потребите на учениците, специфичностите на училиштето, силните страни на училиштето, ресурсите со кои располага и др. Приоритетни подрачја за развој на училиштето се избираат од седумте подрачја од самоевалуацијата односно од екстерната евалуација.

Се креира табела во која се наведуваат приоритетните подрачја каде се планира да се интервенира за развој на училиштето. Во табелата за секое приоритетно подрачје каде се планира развојно да се интервенира се наведува стратешката цел, потоа и развојните цели и на крај конкретни цели. Може за едно подрачје да се креираат и повеќе стратешки цели, согласно потребите и развојниот план на училиштето, а за одредено подрачје училиштето може и да нема потреба од стратешко-развојна интервенција).

| **Приоритетно подрачје** | **Организација и реализација на наставата на учењето** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **<u>Стратешка цел 1</u>**.Оспособовување на наставниците за поуспешно интегрирање на наст содржини<br>**<u>Развојна цел 1.1</u>**.Планирање на наставните содржини за интегрирана настава на наставниците<br>**<u>Развојна цел 1.2.</u>** Вклучување на наставниците за интегрирана настава | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1**<br>Да се зајакне работата на Стручните активи во предметна и одделенска настава | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следе на реализа-цијата на акт ностите |
| -средби на наставниците преку состан на стручните активи –<br>-анализа на постоечките | добра соработ меѓу наставниците стручните активи<br>-подобрувањ на тематскит | Стручните активи наставниците | 2023 - 2027 | Наставни програми Тематски планирањ | Директор Стручна служба |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| наставни програми | планирања | | | | |
| **Конкретна цел 1.2.1**<br>Да се оспособат наставниците за интегрирано планирање на наставата | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење реализацијата активностите |
| - изготвување на тематски планирања , дневни опреативни планови, сценарија | -подобра со помеѓу стру активи | Претседателите на стручните активи и наставниците од стручните активи | 2023 - 2027 | Наставни Програми Тематски планирањ а | Директор Стручна служба |
| **Конкретна цел 1.2.2**<br>Реализација на планираните интегрирани наставни содржини | | | | | |
| Активности | Индикатори За успех | Носители На активностите | Временска Рамка За имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализацијата на активностите |
| -Одржување на отворени и наглед часови<br>-организирање на тематска дискусиј интегрираните содржини<br>-да се испитаат ставовите и мислењата на наставниците за ефектите од интегрирана наста<br>-да се испитаат ставовите и мислењата на родителите за ефектите од интегрирана наста | подобрување на компетенциите на наставниците и подобрување на успехот на учениците | Претседателите н стручните активи и наставниците од стручните активи | 2023 - 2027 | -дневни оперативн и планови, сценарија<br>-тематски планирањ а<br>-анкетни прашални ци наставниц и, ученици и родители | Директор Стручна служба |

| Приоритетно подрачје | Професионален развој на наставниците, стручните соработни раководниот кадар |
|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел 2.** Правилник за оддавање признанија и награди за наставен и ненаставен кад вложува во своето усовршување .<br>**Развојна цел 2.1.** Изготвување Правилник за оддавање признанија и награди за наставен и нена кадар кој вложува во своето усовршување | | | | | |
| **Конкретна цел 2.1.1**<br>Изготвување Правилник за оддавање признанија и награди за наставен и ненаставен кадар кој вл во своето усовршување според критериуми и насоки од МОН | | | | | |
| Активнос-. ти | Индикатори успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплемента-ција | Потребни ресурси | Тим за следење реализа -цијата на актив-ностите |
| -формира-ње на тим за изготвува-ње Правилник за од-давање призна-нија и награди за наставен и ненаставен кадар кој вложува во усовршување за воспоста-вување систем за вклучување на предлозите на вработените преку анкетирање | -подобруван квалитетот наставата - подобрува компетенци наставницит | -Тим за изготвување Правилник за оддавање признанија и награди за наставен и ненаставен кадар | 2023 - 2027 | Правилни МОН -ані вработени | ДиректорС аслужба Секретар |

| Приоритетно подрачје | Комуникации и односи со јавност |
|---|---|
| **Стратешка цел 3.**Воспоставување соработка со организации и здруженија за реализирање заед | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| активности заради подобрување на наставниот процес во училиштето .<br>**<u>Развојна цел 3.1</u>**. Организирање предавања и посети за учество на учениците | | | | | |
| **<u>Конкретна цел 3.1.1</u>**<br>Реализирање на соработката со организации и здруженија од различна област | | | | | |
| Активности | Индикатори за успех | Носители на активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите |
| -формирање тим за планирање и организира њ е на активности<br>-изготвувањ е на план активности | поквалитетна настава<br>-мотивирани ученици и наставници<br>-постигнување подобар успех | -тим за планирање и организирање на активности со наставници и ученици | 2023 - 2027 | календарна ности | ДиректорСтручнаслужба |
| - потреба од уште една хигиеничарка | Почиста средина за сите | | 2023-2027 | планирање | Директор |

# 8.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

| **Приоритетноподр** | **Соработка со родителите и со локалната средина** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стратешка цел:** Подобрување и продлабочување на соработката со родителите илокалната ср<br>**Развојна цел**:Учество на родителите во проекти и вонраставни активности научилиштето | | | | | |
| **Конкретна цел**<br>Зголемено учество и соработка на родителите во проекти и вонраставни активности | | | | | |
| Активности | Форми на соработка | Носители активностите | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Индикатори за успех |
| -едукативни работилници<br>-забави за учениците<br>-работни акции<br>-хепенинзи | - групни средби | -наставници, ученици, родители | 2023 - 2027 | -календар на активности | Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница |

## 9.Соработка на основното училиште со општината, институциите од областа на образованието, НВО итн.

<table>
<tr><td>Приоритетно подрачје</td><td colspan="5">Соработка училиште со општината, институциите од областа на образованието</td></tr>
<tr><td colspan="6"><u>Стратешка цел</u> Унапредување на соработката со заедницата(локална заедница, деловна за невладин сектор и донатори).<br>Развојна цел Зајакнување на соработката со општината, институциите од областа на образованието</td></tr>
<tr><td colspan="6">Конкретна цел<br>Промовирање на чувството за припадност кон заедницата, концепт на граѓанско образ воспоставување на партнерски однос на училиштето со заедницата преку заеднички проекти, овозможување на поддршка за реализација на воспитно-образовниот процес</td></tr>
<tr><td>Активности</td><td>Форми соработка</td><td>Носители активности</td><td>Временска рамка за имплементаци</td><td>Потребни ресурси</td><td>Индикатори за успех</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Заеднички акции(хуманите други) промовирање на волонтерство- соработка со донатори, владини и невладини организации (национални и меѓунродни), амбасади за подготовка иучество во проекти, органзирње надебати, работилници, хепенинзи, медиумски промоции на активности (зазаштита на културното наследство, концепт за граѓанско образование, демократски | Проектни активности Акции работилни-ци | Директор Стручна служба Наставни-ци Ученици | 2023-2027 | ЛЦД, наставници, ученици, стручни соработни директор, градоначал ,Совет на општина, донатори, брошури | Промовира-на локална и бизнис заедница зајакнато национално поддршка на ВОП со човечки и материјални |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| вредности кај учениците, дигитална и медиумска писменост, екологија, здравначин на живот, хуманост солидарност, спорт) | | | | | |

## 10.Следење на имплементацијата на Развојната програма за работа училиштето

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време наследење** | **Одговорно/нилице/** | **Кој треба да информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Имплементацијата примената на интегрираната настава од страна на предметните наставници на македонски и албански јазик | Извештаи од посетени наставнича Дневни опертивни планови Тематски планирања2023-2027 | Стручни активи, Д стручнаслужба | Директор Стручни ак Стручна служба |
| Организирање предавања и трибини со невладини организации издружениja на граѓани и планирање посетиза учество на учениците. | -Извештаи од реализирани предавања и трибини со невладини организации и здруженија награѓани и планирање посети за учество на учениците. -Фотографии -презентации 2023-2027 | локална заедница, деловна заедница, невладин сектор и здруженија на граѓани наставници и ученици и родители | Директор Стручни Стручна служба |
| Изготвување Правилник за Оддавање признанија и награди за наставен и ненаставен кадар кој вложува во своето усовршување | Наставнички Училишен одбор | Директор Стручна службаСекр Стручни активи | Директор Училишен Наставнички совет |

## 11.Евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата ќе се врши во текот на целиот развоен период во сите сегменти на планирањето како и неговата реализација. Тоа ќе се врши преку полугодишни и годишни извештаи за работата на тимовите. На секои две години училиштето изготвува Самоевалуација преку која исто така ќе се врши евалуација на Развојната програма за работа на училиштето преку следните техники и истражувачки постапки: -интервјуа со наставници, ученици, родители и други субјекти; -анкети со наставници, ученици и родители; -набљудување на условите за работа, активностите на учениците, мотивација на наставниците и учениците при реализација на предвидените содржини. Евалуацијата ќе биде наменета за потребите на училишниот колектив, учениците, Училишниот одбор, Советот на родители, локалната заедница, МОН, БРО и други институции. Добиените податоци од евалуацијата ќе ни покажат до каде сме, што сме оствариле и кои активности како приоритети во идната развојна програма на училиштето да ги планираме.Евалуацијата ќе ја врши комисијата за Развојната програма на училиштето во соработка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница.

## Заклучок

Новата учебна 2023/2024 година започнува со реализација на нова развојна програма на училиштето која ќе опфати повеќе активности кои ќе се реализираат во период од четиригодини. За успешна реализација на сите активности содржани во подрачјата од воспитно
– образовната работа на наставниците со учениците од сите нејзини аспекти формирани се осум тима во кои се опфатени сите наставници поделени по подрачја тоа:

Подрачје 1: Наставни планови и програмиПодрачје 2: Постигања на учениците

Подрачје 3: Учење и настава

Подрачје 4: Поддршка на учениците

Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштетоПодрачје 6: Ресурси

Подрачје 7: Управување, раководење и креирање на политикаПодрачје 8: Комуникација и односи со јавноста

Самоевалуацијата ја изготвија вкупно осум тимови во кои се вклучени сите наставници за изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Интегрална евалуација на училиштето и Правилник за СЕУ, Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е постигната, со конкретни анализи и осврти на сите области од работењето на училиштето која даде слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето,од кои произлегоа јаки, но и слаби страни. Од секое подрачјеод слабите страни произлегоа вкупно три приоритети на ниво на училиште и тоа:

1. Наставниците во предметна настава делумно ги интегрираат наставните содржини;
2.Училиштето нема Правилник за оддавање на признанија и награди на наставен иненнаставен кадар кој вложува во своето усовршување
3.Училиштето делумно воспоставува соработка со организации и здруженија од невладиниот сектор за реализирање заеднички активности

Реализацијата на предвидените активности од наведените приоритети ќе ги следи комисијата за Развојната програма на училиштето во сорабтка со наставниците, учениците, Советот на родители, Училишниот одбор и локалната заедница.

.**Комисија за изработка на Развојната програма за работа на училиштето:**

1. Кристина Андриќ Стојановска – директор
2. Мери Синадиновска - психолог
3. Маријана Грчевска Чадиковска – дефектолог
4. Александра Гавриловска – одделенски наставник
5. Ана Деспотовска – одделенски наставник
6. Зоран Пржовски – предметен наставник
7. Ана Дионисиева – предеметен наставник
8. Оливера Петрушевска – одделенски наставник
9. Анкица Божиновска - родител